МАКЕДОНСКИ MACEDONIAN MACÉDONIEN

# ПРАШАЊА ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО 2006 ГОДИНА

## и објасненија зошто прашањата се поставени

Statistics Canada Statistique Canada

Canada

# Вовед

Следниот попис на Канада е на 16 мај 2006 година. Веќе над 300 години пописот ни дава слика за тоа кои сме ние како нација и заедниците во кои живееме. Информациите од пописот на 16 мај ќе бидат употребени од страна на општествените групи, деловните кругови и владата за да се испланира развојот на образованието и професионалната надградба, новите производи и услуги, старечките домови, здравствените услуги и голем број на други програми кои се од голема важност за нас.

За прв пат на овој Попис 2006 година лицата кои се попишуваат ќе можат истото да го направат директно на комјутер преку интернет, или во писмена форма.

**Прв дел**

Првиот дел од оваа брошура содржи 53 прашања кои се поставени во долгата верзија од Пописот на населението 2006 година која ќе биде пополнета од 20% од вкупното население. Кратката верзија на пописницата содржи 8 прашања – првите 6  и прашањата број 16 и 53 од долгата верзија.

**Втор дел**

Вториот дел ги содржи причините поради кои Заводот за Статистика на Канада ги поставува прашањата и укажува на важните податоци кои ќе се добијат со одговарањето на прашањата.

Доколку имате прашања за Пописот на населението 2006 година и Пописот на земјоделските стопанства кој се одвива истовремено, ве молиме обратете се телефонски или писмено до до најблиската канцеларијата на Заводот за Статистика на Канада. Адресите и телефонските броеви се дадени на наредната страна.

# 1. Дел

## Прашања за Пописот 2006 година

# Прашања за Пописот 2006 година

**ЧЕКОР А**

**ДОВЕРЛИВО ОТКАКО ЌЕ СЕ ПОПОЛНИ**

**2. Запишете го вашиот телефонски број:**

Повикувачки број ________ Телефонски број ________ ___________

**3. Пополнете го овој дел ако ја нема впишано вашата адреса во просторот горе или ако сте живееле на друга адреса на 16 мај 2006 година.**

Улица и број или парцела и концесија ______________________

Број на станот ______________________

Град, општина, село, индијански резерват ______________________

Провинција / територија ______________________

Поштенски број

_______ ________

1. **КОЈ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧИ ВО ЧЕКОР В**

- **СИТЕ ОНИЕ КОИ ЖИВЕАТ НА НАВЕДЕНАТА АДРЕСА**, вклучувајќи ги и новороденчињата и цимерите;
- **СТУДЕНТИ** оние кои се враќаат да живеат со своите родители во текот на годината треба да бидат вклучени во адресата на своите родители и покрај тоа што за време на студирањето или летното вработување живеат на друга адреса;
- **ДЕЦА СО СТАРАТЕЛСТВО ОД ДВАТА РОДИТЕЛИ** кои живеат на дадената адреса поголемиот дел од времето. Децата кои поминуваат подеднакво време кај секој од родителите треба да се вклучат во домот на родителот кај кого што се наоѓаат на денот на пописот, 16 мај 2006 година;
- **СОПРУГ-А ИЛИ ВОНБРАЧЕН ДРУГАР КОЈ-А ЖИВЕЕ НА ДРУГО МЕСТО** додека работи или се школува, но, кој-а се враќа на наведената адреса повремено;
- **ДОСЕЛЕНИЦИ** кои обично живеат на наведената адреса;
- Лица кои се декларираат како **БЕГАЛЦИ** и членовите на семејството кои живеат овде со нив;
- **ЛИЦА ОД ДРУГА ДРЖАВА КОИ ИМААТ РАБОТНА ИЛИ СТУДЕНТСКА ДОЗВОЛА** и членовите на семејството кои живеат овде со нив;
- **ЛИЦА** кои обично живеат на наведената адреса, но во овој момент се **ВО ИНСТИТУЦИЈА** (како на пример старечки дом, болница или затвор), **АКО БИЛЕ ТАМУ ПОМАЛКУ ОД ШЕСТ МЕСЕЦИ;**
- **ЛИЦА** кои живеат на наведената адреса на 16 Мај 2006 година, **КОИ НЕМААТ ДРУГО ЖИВЕЛИШТЕ.**

2. **КОЈ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧИ ВО ЧЕКОР В**

- Лица чие **постојано место на живеење е на друга адреса во Канада,** а кои привремено престојуваат на наведената адреса (на пример, посетители или лица на кои наведената адреса им е второ официјално живеалиште);
- Жители на друга земја кои се во **посета** на Канада (службено или туристички);
- Владини претставници на друга земја и членовите на нивните семејства.

3. **АКО НЕМА КОГО ДА ВКЛУЧИТЕ ВО ЧЕКОР В**

❍ Ако **сите** лица кои престојуваат на оваа адреса на 16 мај 2006 година, обично живеат на друго место во Канада или се посетители или владини претставници на друга земја, обележете го овој дел.

➔ Запишете го со печатни букви вашето име и вашиот вообичаен телефонски број долу. Не го пополнувајте овој формулар. Испратете го по пошта во приложениот плик со веќе платена поштарина.

➔ Презиме ______________________ Име ______________________

➔ Повикувачки број ____________ Телефонски број ________ ____________

**ЧЕКОР В**

1. **Колку луѓе живеат овде вклучувајќи се и себеси, на оваа адреса, како на пример на 16 мај 2006 година?** *Наведете ги сите лица кои живеат овде, дури и ако се привремено отсутни.*

________

2. **Набројте ги долу, со ГОЛЕМИ БУКВИ, сите лица кои живеат овде, вклучувајќи се и себеси.** *Започнете најпрво со возрасно лице и, доколку е можно, продолжете со неговиот **брачен** или **вонбрачен сопруг-а** и децата кои живеат со нив на наведената адреса.Понатаму продолжете со сите други лица кои живеат на истата адреса.*

| | ПРЕЗИМЕ | ИМЕ |
|---|---|---|
| **Лице 1** | | |
| **Лице 2** | | |
| **Лице 3** | | |
| **Лице 4** | | |
| **Лице 5** | | |
| **Лице 6** | | |
| **Лице 7** | | |
| **Лице 8** | | |
| **Лице 9** | | |
| **Лице 10** | | |

**ЧЕКОР C**

**Дали изоставивте некого од Чекор B поради тоа што не бевте сигурни каде треба да го вклучите тоа лице во списокот?**

*На пример:*

- *лице кое во моментот на пописот живее на наведената адреса, а има друго место на живеење;*
- *лице кое е привремено отсутно.*

❍ Не

❍ Да ➔ Наведете го името, сродството и причината

Име (иња) ________________________________________

________________________________________

Сродство / ________________________________________

Причина ________________________________________

---

**ЧЕКОР D**

1. **Дали некое од лицата внесени во Чекор B се занимава со земјоделство и произведува барем еден земјоделски производ кој е наменет за продажба?** (житарици, жив добиток, млеко, живина, јајца, стаклена градина или расадник, новогодишни елки, сода, мед, пчели, јаворов сируп, крзно, и сл.)

   ❍ Не ➔ **Одете на Чекор E**

   ❍ Да

2. **Дали ова лице ги донесува секојдневните одлуки во врска со земјоделската фарма?**

   ❍ Не

   ❍ Да

---

**ЧЕКОР E**

**Пренесете ги имињата од Чекор B во прашање 1, на почетокот на страна 4. Продолжете по истиот редослед.**

---

**1. ИМЕ**

Препишете ги имињата на соодветното место по ист редослед како во **Чекор В**. Потоа одговорете на следните прашања за **секое** наведено лице во списокот.

**ЛИЦЕ 1**

Презиме

______________________________

Име

______________________________

**2. ПОЛ**

❍ Машки
❍ Женски

**3. ДАТУМ НА РАЃАЊЕ**

| | Ден | Месец | Година |
|---|---|---|---|
| *Пример:* | ***1 3*** | ***0 2*** | ***1 9 5 0*** |

*Доколку не знаете точен датум на раѓање, внесете приближно.*

Датум на раѓање

| Ден | Месец | Година |
|---|---|---|
| ________ | ________ | ____________ |

**4. БРАЧНА СОСТОЈБА**

*Обележете само еден одговор.*

❍ Неженет / немажена
❍ Женет / мажена
❍ Разделени (но, законски сé уште во брачна заедница)
❍ Разведен / разведена
❍ Вдовец / вдовица

**5. Дали ова лице живее со вонбрачен партнер?**

*Под* ***вонбрачна заедница се*** *подразбира заедница во која две лица од спротивен или ист пол живеат заедно како двојка, а законски не се во брак.*

❍ Да
❍ Не

## 6. СРОДСТВО СО ЛИЦЕТО 1

Наведете го сродството на **секое** лице кое живее на дадената адреса со лицето 1.

*Обележете или означете само еден одговор.*

*Деца само на едниот брачен другар, посвоени деца или деца од вонбрачна заедница се сметаат за син или ќерка.*

*Доколку ниеден од наведените одговори не е соодветен, обележете ”Друго”за да се означи сродството со лицето 1.*

*Што сé се смета за ”Друго”:*

- *братучед или братучетка*
- *внук или внука*
- *маж/жена на потстанарот*
- *син или ќерка на цимерот*
- *вработен*
- *венчан сопруг-а од истиот пол*

**ЛИЦЕ 1**

❍ **ЛИЦЕ 1**

**ЛИЦЕ 2**

❍ Маж или жена на лицето 1
❍ Вонбрачен другар на Лицето 1 од спротивен пол
❍ Вонбрачен другар на Лицето 1 од истиот пол
❍ Син или ќерка на Лицето 1
❍ Зет или снаа на Лицето 1
❍ Внук или внука на Лицето 1
❍ Татко или мајка на Лицето 1
❍ Родители на сопругот-та на Лицето 1
❍ Дедо или баба на Лицето 1
❍ Брат или сестра на Лицето 1
❍ Девер/зет или золва/снаа на Лицето 1
❍ Потстанар или пансионер
❍ Цимер

Друго – *наведи*

______________________________

______________________________

## ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

**7.** Дали лицето има **тешкотии** со слухот, видот, тешкотии при комуницирање, одење, качување скали, наведнување, учење или при извршување на слични активности?

❍ Да, понекогаш
❍ Да, често
❍ Не

---

**8.** **Дали е лицето ограничено во извршувањето на активностите поради** нарушена физичка или ментална состојба **или** здравствен проблем:

(a) дома?

❍ Да, понекогаш
❍ Да, често
❍ Не

(b) на работа или на училиште?

❍ Да, понекогаш
❍ Да, често
❍ Не
❍ Не се однесува на лицето

(c) во други ситуации, на пример, при превоз или во слободно време?

❍ Да, понекогаш
❍ Да, често
❍ Не

---

## ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТЕСТВЕНАТА ПОЛОЖБА И КУЛТУРА

**9.** Место на раѓање на лицето

*Обележете само еден одговор во согласност со сегашните граници.*

**Роден во Канада**

❍ Њуфаундленд, Лабрадор
❍ Принс Едвард Исландс
❍ Нова Шкотска
❍ Нов Бронсвик
❍ Квебек
❍ Онтарио
❍ Манитоба
❍ Саскачеван
❍ Алберта
❍ Британска Колумбија
❍ Јукон
❍ Северно Западни Територии
❍ Нунавут

**Роден надвор од Канада**

*Наведете ја државата*

______________________________

---

**10.** Какво државјанство има лицето?

*Наведете доколку има **повеќе од едно** државјанство.*
***“Канадско, по основ на натурализација”** се однесува на процесот при кој еден имигрант се стекнува со канадско државјанство согласно со Законот за државјанство.*

❍ Канадско, по основ на раѓање
❍ Канадско, по основ на натурализација

Друга држава – *наведете*

_______________________

---

**11.** Дали лицето сега или некогаш било евидентирано со **статус на доселеник?**

***“Статус на доселеник”** (постојан жител) е лице кое се стекнало со правото за постојан престој во Канада од Службата за имиграција.*

❍ Не ➔ **Продолжете со прашање 13**

❍ Да

---

**12.** Која година лицето добило статус на доселеник?

*Година* __________

*Ако не ја знаете точната година, внесете приближно.*

---

**13.** Дали лицето доволно ги познава англискиот или францускиот јазик за да може да води разговор?

*Обележете само еден одговор.*

❍ Само англиски
❍ Само француски
❍ И англиски и француски
❍ Ниту англиски ниту француски

---

**14.** Кој(и) друг(и) јазик(ци) **освен англиски и француски** го(и) познава лицето доволно за да може да води разговор?

❍ Ниеден

**ИЛИ**

*Наведете ги јазиците*

______________________________

______________________________

---

**15.** (a) На кој јазик **најчесто** говори лицето дома?

❍ Англиски
❍ Француски

Друг – *наведете*

______________________________

(b) Дали лицето **редовно** употребува друг(и) јазик(ци) дома?

❍ Не
❍ Да, англиски
❍ Да, француски

Друг –*наведете*

______________________________

---

**16.** Кој е **првиот јазик** што лицето го употребувало дома **во детството** и што **сéуште го познава**?

*Доколку лицето не го познава првиот научен јазик, назначете го вториот јазик кој тој го научил.*

❍ Англиски
❍ Француски

Друг – *наведете*

__________________________________

---

*Пописот прибира информации за потеклото на населението од пред 100 години за да се има увид во разновидниот состав на канадската популација.*

**17.** Какво е етничкото или културното потекло на **претците** на ова лице?

*Претците се обично уште постари од баба/дедо.*

*На пример, канадско, англиско, француско, кинеско, италијанско, германско, шкотско, индијско, ирско, крии, микмек, метис, инуит (ескимско), украинско, холандско, филипинско, полско, португалско, еврејско, грчко, јамајско, виетнамско, либанско, чилеанско, салвадореанско, сомали, и сл.*

*Наведете толку потекла колку што има, со големи букви.*

__________________________________
__________________________________
__________________________________
__________________________________

---

**18.** Дали лицето потекнува од домородци абориџини, односно северноамерикански индијанци, метиси или инуити (ескими)?

*Доколку одговорот е ”Да”означете го со изборот со кој најдобро се опишува лицето моментално.*

❍ Не ➔ **Продолжете со следното прашање**

❍ Да, од северноамерикански индијанци
❍ Да, од метиси
❍ Да, од инуити (ескими)

▶ **Одете на прашањето 20**

---

**19.** Дали е лицето:

*Обележете одговор, онаму каде што се однесува на вас или наведете друго.*

*Сите податоци се користат за поддршка на програми кои промовираат еднакви права за секого за учество во социјалниот, културниот и економскиот живот на Канада.*

❍ белец
❍ кинез
❍ од Јужна Азија *(пр., Индија, Пакистан, Шри-Ланка итн..)*
❍ црнец
❍ филипинец
❍ латиноамериканец
❍ од Југоисточна Азија *(пр., Виетнам Камбоџа, Малезија, Лаос, итн.)*
❍ арап
❍ од Западна Азија *(пр., Иран, Авганистан, итн.)*
❍ кореец
❍ јапонец

Друго – *наведете*

______________________________

---

**20.** Дали е лицето член на некое индијанска група/”првата нација”?

❍ Не
❍ Да, член е на индијанска група/”првата нација”
↓

*Наведете во која индијанска група/”првата нација” припаѓа лицето (на пр. муским)*

______________________________

---

**21.** Дали е лицето согласно со канадскиот *Закон за Индијанците* ”Treaty Indian” или ”Registered Indian”*?*

❍ Не
❍ Да, ”Treaty Indian” или ”Registered Indian”

---

**МОБИЛНОСТ**

**23.** Каде живеело лицето **пред една година,** односно на **16 мај 2005 година**?

*Обележете само еден одговор.*

***Забелешка:***

*За оние лица кои го обележуваат третиот круг:*

*Молиме да го наведете името на градот или населеното место, а не само областа во која тоа припаѓа.*

*На пример:*

- *Санич, а не Викторија (област);*
- *Сент-Алберт, а не Едмонтон (област)*
- *Лавал, а не Монтреал (област)*

❍ Живееше на **сегашната** адреса
❍ Живееше на **друга** адреса, но во **истиот** град, село, населено место, општина или индијански резерват.
❍ Живееше во **друг** град, село, општина или индијански резерват **во Канада**

🡻

*Наведете го името на:*

Градот, селото, општината или индијанскиот резерват.

______________________________

______________________________

Провинција/територија

______________________________

Поштенски број

__________ __________

❍ **Живееше надвор од Канада**

🡻

*Наведете го името на државата*

______________________________

---

**24.** Каде живееше лицето **пред пет години**, односно на **16 мај 2001 година**?

*Обележете само еден одговор.*

***Забелешка:***

*Оние лица кои го обележуваат третиот круг:*

*Молиме да го наведете името на градот или населеното место, а не само областа во која тоа припаѓа.*

*На пример:*

- *Санич, а не Викторија( област);*
- *Сент-Алберт, а не Едмонтон (област)*
- *Лавал, а не Монтреал (област)*

❍ Живееше на **сегашната** адреса

❍ Живееше на **друга** адреса, но во **истиот** град, село, населено место, општина или индијански резерват.

❍ Живееше во **друг** град, село, општина или индијански резерват **во Канада**

↓

*Наведете го името на:*

Градот, селото, општината или индијанскиот резерват.

______________________________

______________________________

Провинција/територија

______________________________

Поштенски број

__________ __________

❍ Живееше **надвор од Канада**

↓

*Наведете го името на државата*

______________________________

---

## МЕСТО НА РАЃАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

**25.** Каде се родени родителите на лицето?

(a) **Татко**

*Обележете или назначете ја државата во согласност со постоечките граници.*

**Татко**

❍ Роден во Канада
Роден надвор од Канада

*Држава*

______________________________

(b) **Мајка**

*Обележете или назначете ја државата во согласност со постоечките граници.*

**Мајка**

❍ Родена во Канада
Родена надвор од Канада

*Држава*

______________________________

---

## ОБРАЗОВАНИЕ

**26.** Дали ова лице има диплома од завршено **средно образование** или слично?

*Примери на уверенија од средно образование се Општо образовен развој (GED) и Основно образование за возрасни (ABE).*

**Диплома или уверение од средна школа**

❍ Да, диплома од средно образование
❍ Да, еквиваленција на уверение од средно образование
❍ Не

---

**27.** Дали ова лице завршило **регистриран курс** или има уверение или диплома за други **занаети**?

*Означете толку одговори колку што е потребно.*

*На пример:*

- *фризер*
- *CNC машинист*

**Уверение или диплома од регистриран курс или занает**

❍ Да, уверение од регистриран курс
❍ Да, уверение за друг занает или диплома
❍ Не

---

**28.** Дали ова лице има завршено **колеџ, CEGEP** или уверение или диплома **од друга институција која не е универзитет**?

*Означете толку одговори колку што е потребно.*

*На пример:*

- *технологија на сметководство*
- *агент за недвижнини*
- *технологија на индустриски инженеринг*

**Колеџ, CEGEP и уверение или диплома од друга институција која не е универзитет**

❍ Да, уверение или диплома од програма во времетраење помалку од 3 месеци
❍ Да, уверение или диплома од програма во времетраење од 3 месеци до помалку од 1 година
❍ Да, уверение или диплома од програма во времетраење од 1 до 2 години
❍ Да, уверение или диплома од програма во времетраење над 2 години
❍ Не

---

**29.** Дали ова лице има завршено **високо образование**, уверение или диплома?

*Означете толку одговори колку што е потребно.*

**Високо образование**, **уверение или диплома**

❍ Да, уверение или диплома за завршено вишо образование
❍ Да, високо образование (вклучувајќи и LL.B.)
❍ Да, уверение или диплома за завршено повеќе од високо образование
❍ Да, магистратура
❍ Да, високо образование во областа на медицината, стоматологијата, ветерината или оптометријата
❍ Да, докторат
❍ Не

---

**30.** Која беше главната област на професионална подготовка во **највисокиот** степен на образование, уверение или диплома кое ова лице го заврши?

*Бидете конкретни. На пример:*

- *автомеханика*
- *градежништво*
- *стоматолошка технологија*
- *механика на авиони*
- *технологија на медицинска лабораторија*
- *градинка*
- *земјоделска економија*
- *компјутерски инженеринг*

**Главна област на професионална подготовка во највисокиот степен на образование, уверение или диплома**

________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________

**ИЛИ**

❍ Нема уверение или диплома (**повеќе** од средно образование) ▶ **Продолжете со прашање 32**

---

**31.** Во која провинција, територија или држава ова лице го завршило неговиот / нејзиниот највисок степен на образование, уверение или диплома?

**Во Канада**

*Нагласете која провинција или територија*

________________________________________

**ИЛИ**

**Надвор од Канада**

*Во која земја*

________________________________________

---

**32.** Дали ова лице посетувало школо, колеџ, CEGEP или универзитет во било кое време од септември 2005 година?

*Означете толку одговори колку што е потребно.*

❍ Да, посетував основно или средно образование
❍ Да, посетував занаетчиско школо, колеџ, работнички универзитет или друга институција освен универзитет
❍ Да, посетував универзитет
❍ Не, не одев на школо во било кое време од септември 2005 година

---

## АКТИВНОСТИ ВО ДОМАЌИНСТВОТО

***Забелешка:***

***Минатата седмица*** *ги опфаќа деновите од недела, 7 мај до сабота, 13 мај 2006 година.*

*Во прашањето 33, наведете го вкупното време поминато за извршување на секоја од активностите, и покрај тоа што две или повеќе од нив се извршуваат истовремено.*

**33.** Колку часови поминало лицето во извршување на следните активности **минатата седмица**:

(а) извршување на домашни работни обврски, одржување на двор или одржување на домот за членовите на тоа домаќинство или за други **без платен надомест**?

*На пример: готвење, чистење на автомобил, перење, одржување на тревата, набавка на прехранбени производи, планирање на домаќинство, итн.*

❍ Ниеден
❍ Помалку од 5 часа
❍ Од 5 до 14 часа
❍ Од 15 до 29 часа
❍ Од 30 до 59 часа
❍ 60 часа и повеќе

(b) водење грижа за едно или повеќе сопствени деца или туѓи деца, **без паричен надомест**?

*На пример: бањање или играње со мали деца, превезување на децата до спортски активности или помагање со домашни задачи, разговорање со деца во пубертетот за нивните проблеми итн.*

❍ Ниеден
❍ Помалку од 5 часа
❍ Од 5 до 14 часа
❍ Од 15 до 29 часа
❍ Од 30 до 59 часа
❍ 60 часа и повеќе

(c) пружање грижа или помош на едно или повеќе стари лица **без надомест**?

*На пример: помош околу личната грижа на постаро лице од семејството, посета на постари лица, телефонски разговори со нив, помош при купување намирници, во банка или помош при употреба на лекарства, итн.*

❍ Ниеден
❍ Повеќе од 5 часа
❍ Од 5 до 9 часа
❍ Од 10 до 19 часа
❍ 20 или повеќе часа

## ВРАБОТЕНОСТ

**34.** Колку вкупно часови работело лицето **минатата седмица** за паричен надомест **или** самовработување?

*Ве молиме запишете го вкупниот број на часови на платена работа или самовработување на сите работни места минатата седмица. Вклучете:*

- *дневница, плата, бакшиш или провизија;*
- *приватен бизнис, земјоделски и сточарски имот или стручна дејност, самостојна работа или работа со партнер;*
- *непосредно вклучен во работата на семеен земјоделски или сточарски имот или претпријатие без формален договор за платен надомест (напр., помош при сеење, сметководство).*

Вкупен број на часови (заокружете до најблискиот час)

_____________ ➔ **Продолжете со прашање 40**

**ИЛИ**

❍ Ниеден ➔ **Продолжете со следното прашање**

---

**35.** Дали **минатата седмица** лицето отсуствувало од работа или приватна дејност или било привремено отпуштено?

*Обележете само еден одговор.*

❍ Не
❍ Да, било привремено отпуштено, но очекува да се врати на работа
❍ Да, на одмор, поради болест, штрајк или отсутно од други причини.

---

**36.** Дали **минатата седмица** лицето имало конкретни планови за започнување на нова работа во текот на наредните четири седмици?

❍ Не
❍ Да

---

**37.** Дали лицето барало работа во **последните четири седмици**?

*На пример: дали лицето стапило во контакт со заводот за вработување, било на разговор кај потенцијални работодавци, ставило или одговорило на оглас, итн.*

*Обележете само еден одговор.*

❍ Не ➔ **Продолжете со прашање 39**
❍ Да, барало работа на неопределено време.
❍ Да, барало работа на определено време (помалку од 30 часови седмично)

---

**38.** Дали лицето, доколку постоела таква можност, можело да почне со работа **минатата седмица**?

*Обележете само еден одговор.*

- ❍ Да, можело да почне со работа
- ❍ Не, веќе имало работа
- ❍ Не, поради болест или неспособност за работа
- ❍ Не, поради семејни или лични обврски
- ❍ Не, оди на училиште
- ❍ Не, од други причини

---

**39.** Кога последен пат работело лицето за платен надомест **или** било самовработено, па дури и ако тоа било за неколку дена?

*Обележете само еден одговор.*

- ❍ Во 2006-та год. ➔ **Продоложете со следното прашање**
- ❍ Во 2005-та год. ➔ **Продоложете со следното прашање**
- ❍ Пред 2005-та год. ➔ **Продолжете со прашање 51**
- ❍ Никогаш ➔ **Продолжете со прашање 51**

---

***Забелешка: Прашањата од број 40 до 48 се однесуваат на работата или приватната дејност на лицето во минатата седмица.***

*Ако лицето не било во работен однос минатата седмица, внесете го периодот на работење со најдолго времетраење почнувајќи од 1 јануари 2005 година. Ако минатата седмица лицето имало повеќе од едно работно место, внесете на кое од тие работни места минало **најмногу работни часови**.*

**40.** Кај кого работело лицето?

*Лицата кои се само вработени го внесуваат името на нивното претпријатие. Доколку тоа нема име, се внесува името на лицето.*

*Напишете со големи печатни букви како во примерот што следи:*

Назив на претпријатието, државниот орган, итн.

**A B C C O N C R E T E P R O D U C T S L I M I T E D**

Назив на претпријатието, државниот орган, итн.

______________________________________
______________________________________
______________________________________
______________________________________

Сектор, фабрика, оддел, итн. (доколку постои)

______________________________________
______________________________________

---

**41.** За каков вид на дејност, индустрија или услуга станува збор?

*Бидете конкретни, со детали. На пример:*

- *изградба на нови куќи*
- *основно училиште*
- *подрачна полиција*
- *нива со жито*
- *продавница за чевли*
- *продажба на храна*
- *фабрика за автоделови*

Вид на дејност, индустрија или услуга

____________________________________

____________________________________

____________________________________

---

**42.** Какво работно место има лицето?

*Бидете конкретни. На пример:*

- *секретарка*
- *водоинсталатер*
- *водич за ловење риби*
- *составувач на мебел*
- *професор во средно училите*

*(Ако сте во воена служба, наведете го вашиот чин)*

*Занимање*

____________________________________

____________________________________

____________________________________

---

**43.** Кои биле главните работни задачи на лицето?

*Бидете конкретни. На пример:*

- *подготвуваше правни документи*
- *инсталираше водоинсталација во станбена зграда*
- *раководеше со групи на рибари*
- *изработуваше мебел од дрво*
- *предаваше математика*

Главни работни задачи

____________________________________

____________________________________

____________________________________

---

**44.** Дали на работното место лицето работеше за:

*Обележете само еден одговор.*

- ❍ надница, плата, бакшиш или провизија? ➔ **Продолжете со прашање 46**
- ❍ бесплатно за својот/својата сопруг-а или за некој друг роднина на семеен имот или во претпријатие? ➔ **Продолжете со прашање 46**
- ❍ самостојно без други вработени (со или без партнер)?
- ❍ самостојно со други вработени (со или без партнер)?

---

**45.** Доколку лицето работи самостојно, дали неговиот имот или дејноста се инкорпорирани?

- ❍ Не
- ❍ Да

---

**46.** Наведете ја адресата на која лицето **најчесто** работело.

*Е На пример::* *365* *Laurier* *Ave.* *West*

*Број* → *365*

*Улица* → *Laurier*

*Вид* → *Ave.*

Правец → *West*

*Доколку адресата содржи правец (пр., север, југ, исток  или запад), истиот назначете го.*

*Ако е адресата непозната, или ако адресата е број на поштенско сандаче, тогаш посочете ја најблиската зграда или раскрсница. Не го запишувајте бројот на поштенското сандаче.*

*Молиме да го наведете името на градот или населеното место, а не само областа во која тоа припаѓа.*

*На пример:*

- *Санич, а не Викторија (област);*
- *Сент-Алберт, а не Едмонтон (област)*
- *Лавал, а не Монтреал (област)*

*Ако адресата на работното место е различна од адресата на работодавецот, молиме да ја наведете адресата на која работи лицето (пр., наставниот кадар треба да ја внесе адресата на училиштето каде работи, а не адресата на училишниот совет).*

❍ Работа дома (вклучувајќи ги и земјоделските и сточарските имоти) ➔ **Продолжете со прашање 48**
❍ Работи надвор од Канада ➔ **Продолжете со прашање 48**
❍ Нема постојана работна адреса ➔ **Продолжете со прашање 47**
❍ Работи на долунаведената адреса:

**Полна адреса**

Улица и број (види го примерот)

__________________________________
__________________________________
__________________________________

Град, населено место, село, општина или индијански резерват

__________________________________
__________________________________

Провинција/ територија

__________________________________

Поштенски број

_________ _________

---

**47.** Како лицето **најчесто** стигнува до работното место?

*Ако лицето користи повеќе транспортни средства ,* ***наведете кое средство е најмногу користено****.*

❍ Автомобил, камион или комбе – како возач
❍ Автомобил, камион или комбе – како сопатник
❍ Јавен транспорт *(пр., автобус, трамвај, метро, железница, ферибрд)*
❍ Пешки
❍ Велосипед
❍ Мотор
❍ Такси
❍ Друго

---

**48.** (a) Кој јазик **најчесто** го употребувало на тоа работно место?

❍ Англиски
❍ Француски

Друг – *наведете*

______________________________

(b) Дали лицето **редовно** употребувало друг јазик на работното место?

❍ Не
❍ Да, англиски
❍ Да, француски

Да, друг – *наведете*

______________________________

---

**49.** Колку **седмици** работело лицето во **2005-та година**?

*Ве молиме запишете го вкупниот број на недели на платена работа или самовработување на сите работни места во 2005-та година.*

*Вклучете ги и **оние недели** во кои лицето:*

- *користело **годишен одмор** или **платено боледување**;*
- *работело на **неопределено** или **определено време**;*
- *работело за **дневница, плата**, **бакшиш** или **провизиј**а;*
- *работело **самостојно**;*
- *работело непосредно за одржување на **семеен имот или бизнис** без формален договор за платен надомест.*

❍ Ниедна ➔ **Продолжете со прашање 51**

**ИЛИ**

_____________ ← Вкупен број на седмици

---

**50.** Дали поголемиот дел од овој период лицето работело на **определено** или на **неопределено** работно време?

*Обележете само еден одговор.*

❍ На неопределно работно време (30 часови или повеќе во една недела)
❍ На определено работно време (помалку од 30 часови седмично)

---

## ПРИХОДИ ВО 2005 ГОДИНА

**51.** За да се заштеди време, секое лице може да му даде дозвола на Заводот за Статистика на Канада да ги употреби информациите за неговите/нејзините примања што се веќе достапни во досиејата за данок на примањата наместо да го одговара **Прашањето 52.**

- *Оваа опција е достапна само на оние лица кои веќе поднеле формулар за враќање на данокот за годината што завршува на 31 декември 2005 година.*
- *Бидете известени дека информацијата за данокот на примањата ќе биде употребена само за статистички причини.*

Дали ова лице му дава дозвола на Заводот за Статистика на Канада да ги употреби информациите за неговите/нејзините примања што се веќе достапни во досиејата за данок на примањата за годината што завршува на 31 декември 2005 година?

❍ Да ➔ Лицето 1 се согласува. **Продолжете со прашањето 53**

❍ Не ➔ **Продолжете со прашањето 52**

---

**52.** Дали лицето во текот на 2005-та година, заклучно со 31-ви декември, остварило некој од долунаведените приходи:

***Одговорете со "ДА" или "НЕ"*** *на сите места. Ако одговорите со "ДА",* ***внесете го бројчано приходот****; во случај на загуба означете го полето "Загуба".*

### ПЛАТЕНО ВРАБОТУВАЊЕ:

(a) Вкупно остварена сума од **дневници и плата,** *вклучувајќи и провизија, бонуси разлики, бакшиш, бенефиции, научни стипендии, надоместок итн. без одбитоци.*

❍ Да

↳ $ ___ ______ ______ .00

❍ Не

---

### САМО-ВРАБОТУВАЊЕ:

(b) **Нето приход од сопствено земјоделско или сточарско производство** *(бруто приход минус трошоците),вклучувајќи донации и субвенции во рамките на програмите за поддршка на фарми, исплати од Одборот за маркетинг)*

❍ Да

↳ $ ___ ______ ______ .00

❍ Загуба

❍ Не

(c) **Нето приход на неземјоделска и несточарска дејност од претпријатие, стручна дејност** итн. *(бруто приход минус трошоците)*

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Загуба

❍ Не

---

**ПРИХОД ОД ДРЖАВНИ ИЗВОРИ:**

(d) Бенефиции **за деца**, *како на пример детски додаток 'child tax benefits', семејна надокнада* (државни, провинциски и територијални)

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Не

(e) **Старосна пензија, Загарантиран додаток, Надокнада и Надокнада за живиот** *само од државната влада (приходите од провинциите треба да се внесат под (h)).*

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Не

(f) Приходи од **пензискиот фонд** на **Канада** или **Квебек**

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Не

(g) Бенефиции од **работно осигурување** *(вкупно примања пред одбивањето на даноците)*

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Не

(h) **Друг приход** од **државни извори**, *како провинциски додатоци и донации, кредитот GST/QST/HST, провинциски даночни кредити, компензација за повреда при работа, воена пензија, социјална помош.*

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Не

---

**ДРУГИ ПРИХОДИ:**

(i) **Дивиденди, камати** од обврзници на заем, **штедни влогови** и **приходи од други инвестиции,** *како што е издавање куќа под наем, стан или камата од хипотека. Не вклучувајте ги добивките / загубите од вложен капитал.*

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Загуба

❍ Не

(j) **Пензија, континуирана и годишна поддршка,** *вклучувајќи ги и фондовите RRSP и RRIF. Не вклучувајте ги повлечените пари од пензискиот план или RRSP.*

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Не

(k) **Друг приход,** *како алиментација, детска издршка, стипендија или студентски кредит.*

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Не

---

**ВКУПЕН ИЗНОС за 2005 година од сите места**

❍ Да

↳ $ ___ _______ _______ .00

❍ Загуба

❍ Не

---

**ДАНОК НА ПРИМАЊА ПЛАТЕН за примањата во 2005 година (државен, провинциски и територијален)**

▶ $ ___ _______ _______ .00

---

**Следното прашање е наменето за сите лица кои живеат на оваа адреса вклучувајќи ги и оние под 15 години. Ако одговарате за другите луѓе, ве молиме прво консултирајте се со секој од нив.**

**53.** *Законот за Статистика* ја гарантира доверливоста на вашите податоци од пописот. Само ако одговорите "ДА" на ова прашање вашите лични податоци ќе бидат јавно објавени, 92 години после пописот од 2006 година. Ако го обележите одговорот "НЕ" или ги оставите празни, вашите лични податоци никогаш нема да бидат јавно достапни.

Дали ова лице се согласува неговите/нејзините податоци добиени со пописот во 2006 година да бидат јавно објавени во 2098 година (92 години после пописот)?

- ❍ Да
- ❍ Не

**ЧЕКОР F**

**Одговорете на прашањата H1 - H8 кои се однесуваат на ова живеалиште**

***Живеалиште*** *е посебен станбен простор со* ***засебен надворешен или заеднички влез****. Влезот не треба да поминува низ друг станбен простор.*

**H1. Кој ги подмирува трошоците за наемнина или хипотека, данок, електрична енергија, итн. за ова живеалиште?**

*Ако повеќе лица ги подмируваат овие трошоци,тогаш означете онолку пати колку што е потребно.*

❍ Лице 1
❍ Лице 2
❍ Лице 3
❍ Лице 4
❍ Лице 5
❍ Лице попишано на друга пописница за истото живеалиште
❍ Лице кое не живее на наведената адреса

---

**H2. Дали е живеалиштето:**

*Обележете само еден одговор.*

❍ твоја сопственост или сопственост на член на ова домаќинство (дури и ако сѐуште се плаќа за него)?
❍ Издадено под наем (дури и ако не се плаќа кирија во готово)?

---

**H3.** (a) **Број на простории во живеалиштето?**

***Вклучете*** *кујна, спални, адаптирани простории во мансарда или подрум, итн.*

***Не вклучувајте*** *бањи****,*** *ходници****,*** *претсобја и простории кои се користат само за извршување на професионална дејност..*

_________ ← Вкупен број на простории

(b) **Колку од овие простории се користат за спиење?**

_________ ← Вкупен број на спални соби

---

**H4. Кога било изградено ова живеалиште за прв пат?**

*Внесете го периодот кога зградата била изградена, а не времето на подоцнежни реновирања, реконструкции или адаптации. Ако не се знае точната година, внесете приближно.*

- ❍ 1920 или порано
- ❍ 1921-1945
- ❍ 1946-1960
- ❍ 1961-1970
- ❍ 1971-1980
- ❍ 1981-1985
- ❍ 1986-1990
- ❍ 1991-1995
- ❍ 1996-2000
- ❍ 2001-2006

---

**H5. Дали живеалиштето има потреба од било какви поправки ?**

*Не вклучувајте посакувани реновирања или реконструкции.*

- ❍ Не, потребно е само **редовно одржување** (бојадисување, чистење на системот за греење, итн.)
- ❍ Да, потребни се **мали поправки** (оштетена подни плочки, тули или ќерамиди, оштетени скали, ограда или фасада, итн.)
- ❍ Да, потребни се **значителни поправки** (неисправна инсталација за водовод или електрична енергија, темелна поправка на ѕидовите, подот или таванот, итн.)

---

Одговорете на прашањата **H6 -H8** само за живеалиштето **во кое живеете сега** иако поседувате или издавате повеќе живеалишта.  Ако не ја знаете точната сума, дајте ја најблиската приближна вредност.

**Забелешка:** *Ако вие или некој друг што живее во ова живеалиште сте сопственик на земјоделски или сточарски имот со кој вие или други раководат, обележете* ***тука*** ➜ ❍ *и продолжете со* ***Чекор G*** *на следната страна*

**H6. Кои се ГОДИШНИТЕ трошоци на ова живеалиште (за последните 12 месеци):**

(a) за електрична енергија?

❍ Нема
❍ Вклучено во киријата или во други трошоци

**ИЛИ** $ ______ _________ .00 годишно

(b) за нафта, гас, јаглен, дрва или други горива?

❍ Нема
❍ Вклучено во киријата или во други трошоци

**ИЛИ** $ ______ _________ .00 годишно

(c) за вода и други комунални услуги?

❍ Нема
❍ Вклучено во киријата или во други трошоци

**ИЛИ** $ ______ _________ .00 годишно

---

**H7. Само за ЗАКУПЦИ:**

Која е висината на месечната кирија за ова живеалиште?

❍ Закупено без паричен надомест

**ИЛИ** $ ______ _________ .00 месечно

---

**H8. Само за СОПСТВЕНИЦИ, одговорете на прашањата (a) - (f):**

(a) Која е висината на вкупната редовна **месечна** хипотека или позајмица која се плаќа за ова живеалиште?

❍ Нема ➔ **Продолжете со прашањето** (c)

**ИЛИ** $ ________ __________ .00 месечно

(b) Дали е данокот на имот (општински и училишен) вклучен во сумата прикажана под (a)?

❍ Да ➔ **Продолжете на дел** (d)
❍ Не

(c) Која е просечната висина на данокот (општински и училишен) што се плаќа за ова живеалиште **годишно**?

❍ Не се плаќа

**ИЛИ** $ ________ __________ .00 годишно

(d) Која е висината на износост на кој би го процениле вашето живеалиште доколку би го продавале сега?

**$** ______ __________ _________ .00

(e) Дали е живеалиштето дел од регистриран комплекс на апартмани?

❍ Да ➔ **Продолжете со дел** (f)
❍ Не ➔ **Go to Step G on next page**

(f) Колку е **месечната** членарина на комплексот апартмани?

❍ Нема

**ИЛИ** $ ________ __________ .00 месечно

---

**ЧЕКОР G**

**Пописницата е сега пополнета.**

---

# 2. Дел

# ПРИЧИНИ ПОРАДИ КОИ СЕ ПОСТАВЕНИ ПРАШАЊАТА

# Причини поради кои се поставени прашањата

**ЧЕКОР А**

Вашиот телефонски број ни е потребен за да можеме да ве контактираме во случај да сте заборавиле да одговорите на некое прашање од прашалникот.

Вашата адреса ни е потребна за да имаме точен број на сите домаќинства кои се попишуваат. Пополнете ја вашата адреса само ако на првата страна од прашалникот не е веќе впишана вашата адреса или ако адресата каде што сте живееле на 16 мај 2006 година е различна од онаа што е запишана на првата страна.

Во случај впишаната адреса да не е потполно точна (грешка при куцањето во името на улицата или грешка во видот на улицата), не морате да ја поправате вашата адреса во соодветното поле или таму каде што е веќе впишана.

Вашиот телефонски број и адреса можат исто така да се употребат во други анкети после пописот.

**ЧЕКОР B и C**

Овие чекори ќе ви помогнат да одредите кој сé треба да биде **вклучен** или **изоставен** во вашиот прашалник.Тоа ни помага нас да бидеме сигурни дека се попишани сите оние што треба да бидат попишани и дека никој нема да биде попишан два пати. Ве молиме погледнете ги инструкциите 1, 2 и 3 на втората страна од вашиот прашалник.

**ЧЕКОР D**

Овој чекор покажува дали некој од вашето домаќинство управува со некој земјоделски или сточарски имот. Со тоа воедно се попишуваат сите постоечки имоти за Пописот на Земјоделски Стопанства.

**ЧЕКОР E**

Со големи букви ве молиме запишете ги истите имиња кои веќе ги наброивте во Чекорот B за да го одговорите **Прашањето 1 на почетокот од страна 4** во просторот што е обезбеден. Запишете ги имињата во истиот редослед. Важно е податоците што ќе ги обезбедите за членовите од вашето домаќинство да се совпаѓаат со имињата на лицата што ги наброивте. Прашалникот е наменет за домаќинства кои се состојат од 5 лица или помалку. Ако во вашето домаќинство има повеќе од 5 лица, ќе ви треба втор прашалник кој можете да го добиете ако се јавите на бесплатниот телефонски број на Линијата за Помош при Пописот: 1-877-594-2006.

## ПРАШАЊАТА

### ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО

Во прашањето 1 треба да ги внесете имињата на сите членови од вашето домаќинство, а притоа никој да не биде изоставен или попишан два пати.

Прашањата 2 - 6 се однесуваат на членовите кои што живеат во секое домаќинство. Со овие податоци се добива претстава за начинот на живеење на луѓето што живеат во Канада, бројот на членови на едно семејство, бројот на деца кои живеат со едниот или двата родители и бројот на лица кои живеат сами. Овие податоци се користат за изготвување на програми од социјален карактер како што е Пензиското Осигурување и детските додатоци. Исто така, овие податоци ги користат градовите и населените места за изработка на бројни програми за успешна работа на детските градинки, училиштата и старските домови во нив.

### СЕКОЈДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

Прашањата 7 и 8 обезбедуваат информации за голем број на лица во Канада кои имаат потешкотии во извршувањето на секојдневните активности, и чии активности се намалени поради некоја физичка, ментална состојба или здравствен проблем. Податоците се користат од страна на Заводот за Статистика на Канада за да се добијат повеќе информации за потешкотиите со кои се соочуваат овие лица во секојдневниот живот.

### ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТЕСТВЕНАТА ПОЛОЖБА И КУЛТУРА

Прашањата 9 - 21 обезбедуваат податоци за општествената положба и култура на населението на Канада.

Прашањето 9 се однесува на местото на раѓање на лицето, односно на името на територијата или провинцијата во Канада или надвор од Канада каде бил роден. Овие податоци укажуваат на миграционите движења во Канада и меѓу Канада и другите држави. Воедно, тие обезбедуваат податоци за разните националности кои живеат на територијата на Канада.

Прашањето 10 ни го покажува статусот на државјани на населението на Канада. Овие податоци помагаат во подготовката на избори; во комбинација со податоците за возраста на лицето, може да се пресмета бројот на потенцијални гласачи. Ова прашање обезбедува и податоци кои се користат за креирање на часови и програми за постанување на државјани.

Прашањата 11 и 12 го покажуваат бројот на имигранти и лица со непостојан престој во Канада, како и годината во која тие имигрирале во Канада. Податоците добиени од овие прашања најчесто се користат заедно со други податоци за да се изврши споредување на социјално-економската положба на имигрантите со текот на времето, за разгледување на политиката за имиграција и програмата за вработување, како и за планирање на образованието, здравството и другите служби.

Прашањата 13-16 се користат за воведување во употреба на програмите за заштита на правата на жителите на Канада согласно *Повелбата за права и слобода на Канада.* Воедно, овие податоци помагаат и во определувањето на потребата за јазична подготовка и услуги на англиски или француски јазик.

Прашањето 17 ја прикажува етничката и културната разновидност на населението на Канада. Ова прашање ни дава податоци кои се потребни за имплементација на *Законот за мултикултурализам* и *Повелбата за права и слободи на Канада.* Исто така, тие многу се употребуваат и од страна на етнички и културни здруженија, како и од разни агенции и истражувачи за активности на полето на здравството, комуникациите и маркетингот.

Прашањата 18, 20 и 21 обезбедуваат податоци за абориџините (северно американските индијанци, метисите, инуитите) кои се наменети за администрирање на законодавството и програмите за вработување согласно *Законот на индијанците на Канада* и *Законот за рамноправност при вработувањето.* Овие податоци се потребни и за истражувачите и владите на Абориџините и здруженијата кои истражуваат широк дијапазон на демографски и социјално-економски прашања.

Прашањето 19 се однесува на малцинското население во Канада. Податоците се користат за програмите на *Законот за рамноправност при вработувањето* кој промовира еднакви права за сите при вработувањето.

## МОБИЛНОСТ

Прашањата 23 и 24 укажуваат на миграционите движења на населението во и надвор од Канада. Податоците помагаат во проценувањето на вкупниот број на населението помеѓу два спроведени пописа на национално, провинцијално и регионално ниво. Исто така, тие се користат за одредување на потребата од нови урбанистички планови, во образованието, транспортот и социјалните услуги и придонесуваат во програмите кои се администрирани согласно *Законот за буџетска распределба.*

## МЕСТО НА РАЃАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

Прашањето 25 го прикажува бројот на лицата родени во Канада чии родители се родени надвор од Канада. Податоците добиени од ова прашање се користат за проценување на социјално-економските прилики на втората генерација канаѓани.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Прашањата 26-32 го покажуваат степенот на образование и стручна подготовка на жителите на Канада и нивните стручни квалификации. Овие податоци ги користи Владата и работодавците за да утврдат дали постојат доволно луѓе со соодветно образование, стручна подготовка и стручна квалификација во одредени области на работниот пазар. Потоа, тие се користат за развивање на програми за обука кои ги следат променливите потреби на работната сила.

Прашањето 32 обезбедува податоци за посетеноста на образовните институции, кои се потребни за планирање и финансирање на дипломски студии и програми за образование за возрасни согласно *Законот за студентски стипендии на Канада*. Воедно се користи за развивање на програми кои им помагаат на луѓето да се вратат на училиште или да продолжат со образование.

## АКТИВНОСТИ ВО ЕДНО ДОМАЌИНСТВО

Прашањето 33 обезбедува информации за вкупното време минато во извршување на домашни задачи потребни за одржување на едно домаќинство без паричен надомест. Во комбинација со податоците за вкупното платено време,овие информации покажуваат како лицата кои живеат во Канада ги урамнотежуваат своите платени и неплатени активности.

## АКТИВНОСТИ НА РАБОТНИОТ ПАЗАР

Прашањата 34-50 обезбедуваат податоци за **работа со паричен надомест или самовработување** извршена од лица **постари од 15 години**. Овие податоци им се неопходни и на приватните дејности и на сите нивоа на владата за да може да се подготват образовни програми и програми за професионална надградба, за да се процени употребата на јазиците, да се предвидат потенцијалните работни места, да се предвидат ефикасни системи за транспорт и патување до работното место и да се развијат мерки за создавање нови работни места во заедниците низ целата држава.

## ПРИХОД ВО 2005 ГОДИНА

Прашањата 51 и 52 обезбедуваат детален статистички приказ за приходите на жителите на Канада, нивните семејства и домаќинства. Даночните податоци ниту го опфаќаат целото население, ниту пак обезбедуваат информации за карактеристиките на лицата со приход.

Владите ги користат овие податоци за создавање на програми за поддршка на лица како што се старосна пензија, провинциски додатоци и социјална помош. Статистичките податоци овозможуваат оние програми кои го помагаат фамилијарниот приход да бидат ефикасни во истото. Исто така тие помагаат да се утврдат други програми како што се еднаквост при исплатата и програмите за домаќинството и укажуваат на одделни географски подрачја на кои им е потребна помош.

Стопанствениците ги користат овие статистички податоци за лоцирање на своите продавници поблиску до соодветните групи на потрошувачи и за развивање на потенцијални пазари на производи и услуги.

Работничките синдикати и стопанственици ги користат овие статистички податоци за одредени групи на занимања за да се договорат платите и да се утврдат барањата за компензација.

Организациите кои ги застапуваат канаѓаните на кои им е потребна социјална помош често ги засноваат своите случаи на статистичките податоци од пописот.

Поединци можат да ги употребат статистичките податоци за да ги споредат сопствените примања со просечните примања за нивното занимање, регионот каде живеат или народот воопшто.

**Лична или информација која ќе ве идентификува никогаш не е продадена или дадена на поштенските каталози. НИКОЈ, вклучувајќи ги и владините органи како што е Агенцијата на Канада за државен приход, нема пристап до приходот или друга лична информација добиена со пописот. Сите ваши одговори се чуваат во тајност. Ова е закон.**

## ПРИСТАП ДО ЛИЧНА ИНФОРМАЦИЈА 92 ГОДИНИ ПОСЛЕ ПОПИСОТ

Прашањето 53 овозможува секое лице да донесе одлука за тоа што ќе се случи со неговите/нејзините лични информации од пописот. Само ако лицето одговори ДА на ова прашање, неговите/нејзините лични податоци од пописот 2006 година ќе бидат објавени, после 92 години. Согласноста за да се објават податоците од пописот ќе им овозможи на идните генерации подобро да го разберат канадското општество во 2006 година.

Кога ќе го одговарате ова прашање, ве молиме консултирајте се со секое лице во домаќинството да го слушнете нивниот став пред да одговорите. Ако не ви е познат нивниот став оставете го неодговорено за тоа лице. Родителите и законските старатели треба да одговорат за децата.

Во случај некое лице да сака да го промени одговорот или да даде одговор таму каде што прашањето било неодговорено, можете да се обратите на писмено до Координаторот на следната адреса: Coordinator, Access to Information and Privacy, Statistics Canada, 120 Parkdale Ave. Ottawa, ON, K1A 0T6.

## ЧЕКОР F: УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Прашањата H1-H8 обезбедуваат податоци кои им се потребни на владините проектанти и приватни претприемачи за креирање и проектирање на нови станбени проекти. Овие податоци придонесуваат во многу програми кои се администрирани согласно *Законот за домување* и *Законот за хипотеки и домување на Канада.*

Податоците за бројот на соби и спални соби во домот и трошоците на едно домаќинство се комбинира со податоците за бројот на лица во тоа домаќинство за да се процени реалната состојба на семејствата во различни региони. Локалната управа на провинцијата и општината ги користи овие податоци за утврдување на просечниот број на членови во едно домаќинство и во однос на тоа пронаоѓа соодветни станбени решенија.

Податоците за времето кога се изградени станбените објекти и потребата за нивно реновирање се користат од општините за креирање на програми за подобрување на станбените услови за живеење.